ЈПКД "ОБЛЕШЕВО" - ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Јавно претпријатие за комунални дејности ОБЛЕШЕВО
Бр. 01-140/1
31.03.2022 год.
Чешиново-Облешево

Примено: 08.04.2022
03 | 748/1

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ЈПКД ОБЛЕШЕВО ВО 2021 год.

ЈПКД „Облешево" Чешиново - Облешево е основано како Јавно претпријатие за комунални дејности со Одлука на Советот на тогашната Општината Облешево со актот за основање на Јавно Претпријатие за Комунални Дејности бр. 0701-65/2 од 30.10.1997. Со законот за измена на законот за територијална организација на Република Македонија (Сл. весник бр. 12/2005), општините Чешиново и Облешево се споени во една општина Чешиново-Облешево со седиште во Облешево. Како основач и сопственик, општина Чешиново-Облешево ги има сите права и обврски кои произлегуваат од законот и другите прописи.

Статутот на Претпријатието е усвоен од страна на Управниот одбор на 09.02.1999 год. и носи број 04-01/2. Поради потребата од усогласување со бројните законски измени настанати во понатамошниот временски период, во 2018 година изработен е сосема нов Статут, и истиот е усвоен од страна на Управниот Одбор со Одлука бр. 02-350/1 од 08.06.2018, и Советот на општина Чешиново-Облешево со Одлука бр.08-1229/1 од 08.06.2018 година.

ЈПКД „Облешево" Чешиново - Облешево има својство на правно лице, кое може да стекнува право на подвижни и неподвижни предмети, да стекнува права и да презема обврски. Претпријатието одговара за преземените обврски со сиот свој имот и тоа е самостоен субјект со целосна одговорност.
Според Правилникот за систематизација и организација на работтните места од

заедничките работи и задачи во склад со карактерот на процесот на трудот, условите за работа и реалните можности, претпријатието е организирано по принцип на заедничка служба, односно:

**Менаџмент**
- Директор

**1. Административно-стручна служба**
1.1 Административен Оддел
1.2 Стручен Оддел

Работните места на вработените во претпријатието се групираат во групи и подгрупи согласно Законот за вработените во јавниот Сектор и Законот за административни службеници и тоа:

- Група I,(административни службеници), подгрупа 2 –"јавни службеници" и
- Група III, подгрупа 5 – "даватели на јавни услуги" во јавните претпријатија .

Вкупниот број на редовно вработени на 31.12.2020 е 9 лица, од кои тројца спаѓаат во групата на административни службеници, шестмина се во гупата на даватели на јавни услуги, и Директор именуван од страна на Градоначалникот на Општина Чешиново - Облешево. Покрај редовно вработените, а согласно потребите преку Агенција за привремени вработувања се ангажирани три лица, од кои две во стручниот, а едно во административниот оддел, а дополнително и две лица по договор за дело.

Платниот промет претпријатието го обавува преку Стопанска Банка АД Скопје преку жиро сметка 200000026161086.

Органи на претпријатието се:

- Управен одбор, составен од 5 членови кои ги именува Советот на општината.
- Надзорен одбор, составен од 5 членови кои ги именува Советот на општината
- Директор, назначен од градоначалникот на општината.

ЈПКД "Облешево" Чешиново - Облешево во својот опсег на работа ги врши следните услуги:

- Собирање, транспорт и депонирање на комунален отпад од домаќинствата, претпријатија и др. правни лица;
- Водоснабдување и одведување на отпадни води;
- Управување со пазарот во Облешево;
- Одржување на гробишта во селата каде се собира смет;

Покрај ова извршуваме работи за одржување на дејности од јавен карактер по програмите на општина Чешиново-Облешево, а тоа во 2018 година се:

- Одржување на јавното улично осветлување во населените места во општината;
- Одржување и уредување на паркови и зеленила;
- Одржување на Јавната чистота ;
- Зимско одржување на локални патишта.

Покрај секојдневните оперативни работи, извршуваме и бројни други задачи од асдминистративен карактер :

- Навремено изготвување и достава на месечни сметки до корисниците;
- Склучување Договори за комунални услуги со корисници и издавање Решенија;
- Усогласување на нормативните акти на претпријатието со измените и дополнувањата на позитивните законски прописи;
- Евидентирање на финансиската документација со комплетирање на истата и нејзино доставување на книжење до книговодството до 15ти во месецот;

- Примена на нормативите за архивско и канцелариско работење;
- Следење на законските прописи од областа на работењето;
- Достава на опомени и поднесување на тужби до физички и правни лица;
- Изготвување на материјали за седниците на органите на претпријатието, и за Советот на општината;
- Изготвување на извештаи за сите преземени активности во работата на претпријатието;
- Навремено одговарање и известување по барањата од надлежните државни институции и локалната самоуправа, достава на статистички податоци и сл.;
- Издавање Одбренија за погреб;
- Внес на движење на животни преку сточен пазар во системот на АХВ;
- Други административни работи;

## Собирање на смет од физички и правни лица

Од Април 2020 во системот за собирање комунален отпад е воведено и с. Бурилчево, со што со исклучок на Новоселани, се опфатени сите населени места во општината.

Сметот се собира во текот на секој работен ден во периодот 07:00 – 15:00, по следниот утврден распоред:

Облешево и Теранци – Понеделник

Спанчево - Вторник

Чешиново и Уларци – Среда

Соколарци и Жиганци – Четврток

Бање, Чифлик, Кучично и Бурилчево – Петок

Месечниот надомест е одреден паушално и истиот изнесува 100 денари за физички лица и 300 денари за правни лица. За правни лица кои создаваат поголема количина отпад надоместот е 600 денари, а за оние со вонредно голема количина смет, со одлука на Управниот Одбор паушалот е зголемен на 1.800 денари. Собраниот смет се депонира на општинската депонија во локалитетот Буќески Дол, притоа нужно е повеќекратно ангажирање на градежна механизација за сринување на депонираниот смет и ослободување на простор за непречено одлагање на собраниот смет.

За собраните видиви и количини на отпад на годишно ниво поднесуваме Извештаи за постапување со отпад до Министерството за животна средина, а контролата на спроведување на законските обврски во оваа дејност ја врши Државниот Инспекторат за животна средина.

Отпадот од домаќинствата редовно се подигнува од соодветни стандардизирани специјални садови за собирање на комунален цврст отпад - пластични канти од 120

л. со кои се снабдени поголемиот број домаќинства. И оваа година имавме јавна набавка за комунални канти, така да сите корисници кои имаа желба им беше овозможено да се снабдат со комунална канта, и тоа на мошне прифатлив начин, односно на 5 рати по набвна цена. Во периодот за кој се однесува извештајот со организирано подигнување на отпадот преку интегрираниот систем за собирање и транспортирање, беа опфатени околу 1.800 корисници (физички и правни лица).

Собраниот комунален цврст отпад, како од домаќинствата, така и од стопанските субјекти и од јавно прометните површини, се транспортира и депонира на општинската депонија Буќески Дол. Во 2020 година од 01.01. до 31.12, од домаќинствата и правните субјекти се собрани, транспортирани и депонирани околу 1.100 тони комунален цврст отпад.

**Водовод и канализација**

Во овој период водоснабдувањето во двете населени места чии водоводи се под наше управување беше воглавно стабилно со исклучок на месец Септември во Спанчево во повисоките зони.

Преземените активности на ова поле во најголем дел опфаќаат:

- Редовно хлорирање и одржување на водата во исправна состојба
- Отчитување на броила, достава и наплата на месечни сметки;
- Поправка на улични дефекти на водоводни црева и цевки;
- Поравка на дефекти на приклучоци;
- Контрола на водомери и приклучоци;

Произведената вода се хлорира со течен натриум хипохлорид кој редовно се набавува и вбризгува со помош на електрични дозер-помпи во двете населени места, а квалитетот и исправноста на водата го испитува и одобрува за употреба Заводот за јавно здравје – Кочани.

Во делот на канализација редовно се вршат интервенции на отпушување на затнати канализациони цевки од главните линии. Запушувањата настануваат исклучиво од несовесно однесување на населението со испуштање на разни недозволени предмети во мрежата. Покрај ова заменети се и неколку оштетени бетонски прстени на канализационите шахти со нови, оштетувања кои воглавно се предизвикани од тешки теретни возила.

Во склопот на системот за канализација во с.Кучичино функционира и Станицата за пречистување на отпадни води, каде извршуваме бројни активности за нејзина оптимална работа како што се одстранување на плевел, косење на трска во басените, седмични и периодични проверки на повеќе параметри, чистење и одстранување на акумулиран талог, итн.

**Пазариште, паркови и зеленило**

Пазарот во Облешево работи во Вторници со работно време од 06.00-15.00 часот. На сточниот пазар редовна контрола се врши од овластен ветеринарен инспектор, а согласно обврските како одобрен сточен пазар, се врши и евидентирање на влез и излез на крупниот добиток, а истотака и во овој период бележиме намалени приходи од пазарот споредбено со претходните години што по слободна процена се должи во најголема мера на намалување сточниот фонд во непосредното опкружување, бидејќи приходите од пазарот во најголем дел доаѓаат од сточниот пазар. Дополнително, во два наврати во годината беше на сила забрана за продажба на свињи поради појава на заразната болест свинска чума, што имаше негативни импликации на остварените приходи од сточниот пазар.

Одржување на паркови и зеленило во општината потесно се утврдува со Програмата за одржување на зелени површини која се поднесува до Советот секоја година, и во неа се наведени објектите и површините кон кои преземаме обврска, а тоа се:

- Парк во Облешево
- Парк во Чешиново
- Парк во Соколарци
- Фудбалско игралиште с. Чешиново
- Банкини од локални патишта

- За реализацијата на оваа Програма, како и други јавни работи од особена важност е ангажманот на сезонски работници кои се ангажираат со општински средства, а преку јавното претпријатие во периодот Април – Септември. Овие работници се вклучени во извршувањето на најразлични периодични и сезонски работи како што се косење на трева, расчистување на обрасната вегетација, метење на тротоари и парк патеки, наводнување на тревни површини, чистење на гробиштата во населените места, расчистување на диви депонии итн.

**Јавно улично осветлување**

Активностите во оваа дејност се состојат од тековно функционално и инвестиционо одржување на делот од мрежата кој не е опфатен во договорот на општината со одржувачот на новопоставените штедливи лед светилки. Ова во најголем дел подразбира редовна замена на прегорени светилки, поправка и одстранување на дефекти на мрежата, како и поставување на нови сијалични места онаму каде тоа е потребно. За видот и обемот на извршените активности до Советот на општината редовно се доставувува информација на месечна основа.

онаму каде тоа е потребно. За видот и обемот на извршените активности до Советот на општината редовно се доставувува информација на месечна основа.

Во текот на оваа година се извршуваа и повремени работи со градежните машини кои ги поседуваме, по нарачка на правни и физички лица, за што имаме

**Останати дејности**

**Зимско одржување на локални патишта**

И оваа сезона зимското одржување го извршуваме самостојно, за разлика од претходно кога тоа се препушташе на надворешен изведувач. Работите за зимско одржување се одвиваа во текот на месец Февруари кога за одстранување на паднатиот снег се интервенираше 3 последователни дена. Интервенциите се извршуваа на сите асфалтирани патните правци од општината, кои поточно се наведени во Програмата за зимско одржување, како и договорот помеѓу општината и јавнотоо претпријатие склучен врз основа на неа.

**Завршни одредби и заклучоци**

Дејностите кои ги врши ЈПКД Облешево се во служба на граѓаните и тие се вршат редовно и контуирано со цел да допринесе за квалитетот на живеење на граѓаните во непосредната локална заедница. Реално е да се каже дека опременоста и екипираноста на претпријатието е далеку под едно оптимално ниво на кое би требало да се наоѓа субјект од типот на ЈПКД Облешево. Потребни се значајни инвестиции со цел подигнување на стандардите за работа и целосно покривање на населението и населените места во општината со испораката на комунални услуги. Од друга страна многу треба да се работи и на менување на свеста и навиките на граѓаните, што е неопходно ако сакаме да имаме повисок степен на одржување на јавната хигиена во општината.

ЈПКД „Облешево" – Облешево
ВД Директор
Дејан Анакиев